КУЛТУРНО БОГАТСТВО

Кетрин Денеф, минатата година, беше на отворањето на Фестивалот "Браќа Манаки" во Битола, тоа беше голем настан за сите нас.

Јас сум запозната со идеите на градоначалникот Талески и неговиот проект за Битола како филмски град. Токму затоа разговарав за можноста да воспоставиме соработка во рамките Фестивалот "Браќа Манаки" за снимање филмови.

Постојат огромни можности за соработка со Франција на планот на кинематографијата.

Сепак, според мене, мошне интересна област во која се одвива соработката е онаа која ја следи Француската алијанса во Битола. Морам да нагласам дека во Француската алијанса имаме динамична екипа. Пред извесно време беше избран нов претседател на Алијансата, кој е доста мотивиран, бидејќи е француски студент и совршено ги говори двата јазици. Станува збор за Димитар Павлевски, кој е директор на Млекарницата "Идеал шипка". Идејата е се повеќе да се изучува францускиот јазик со практична и професионална примена која е многу корисна, особено за студентите.

Б.В.:

Колку Франција е запозната со можностите и поволностите што ги нуди индустриската зона "Жабени" за привлекување на странски инвестиции?

Л.О.:

За време на посетата на градоначалникот Талески тој ме информира за можностите и поволностите што ги нуди индустриската зона "Жабени". На 16 мај во Скопје ние како амбасада организиравме економски форум и сите македонски градови беа добредојдени на Форумот. Ние сакаме да ги охрабриме нашите компании да дојдат тука и да инвестираат во Република Македонија. Имаме различни проекти. Со цел да се подобри соработката меѓу француските компании и компаниите од Република Македонија, ние на 8 јули, во Франција, организираме форум на кој ќе присуствуваат бројни француски компании.

На Форумот ќе земат учество и големи и мали претпријатија. Добро е на тој форум да земат учество и битолски фирми за на француските компании да им се објасни климата за инвестирање во Битола и Република Македонија. Нашите компании овде можат да добијат квалификувана работна рака, а воедно за француските фирми добро е да се соработува со Македонија и поради поволните транспортни трошоци, кои се многу пониски отколку трошоците со другите континенти.

Б.В.:

Во изминатиот период Битола имаше интензивна соработка со Долна Нормандија. Дали сте задоволни од таа соработка?

Л.О.:

Добро сум запозната за соработката на Битола и Долна Нормандија. На 24 јуни го имаме годишното собрание со регионот Долна Нормандија. Во изминатиот период благодарение на соработката со Долна Нормандија остварени се повеќе од 80 партнерства. Соработката со Долна Нормандија ни е особено драга бидејќи се спроведува и со универзитетите. Идната година ќе славиме 100 години од Првата светска војна и во градот Каен каде постои Меморијален центар на мирот, кој работи со децата и студентите, посетителите ќе можат да се запознаат со основните принципи на помирувањето.

Кога сме кај одбележувањето на овој историски настан сакам да нагласам дека ќе се спроведе историска соработка за одбележување на крајот на Првата светска војна. Мора да се потсетиме за се што се случувало за време на Првата светска војна со единствена цел да не го заборавиме тоа,

Б.В.:

Ваша екселенцијо, кажете ни на крајот, како Вие како амбасадорка на Франција ја оценувате политичката клима во Република Македонија?

Л.О.:

Република Франција од првиот момент го поддржува членството на Република Македонија во ЕУ. Од моето доаѓање за амбасадорка на Франција забележувам дека односите помеѓу граѓаните со Грција е постојан и секојдневен. Народите од двете земји имаат добри односи, а тоа е добро. Добрите односи со соседите е патот кон европската интеграција. Она што е важно за нас е земјата да не се изолира и да го следи трасираниот пат, а ние сме тука да помогнеме колку што можеме да се изоди тој пат.

Б.В.:

На крајот од ова интервју која е Вашата порака до битолчани?

Л.О.:

Јас реков и во оваа прилика ќе повторам. Јас сум воодушевена од Битола и од нејзиното исклучително културно наследство, куќите кои се единствени на Балканот. На битолчани им порачувам да го заштитат тоа богатство што го поседуваат, зашто е од исклучителна важност не само за Битола, туку и за Европа.

Во Битола забележуваме барок, среден век, готика, но уште еднаш ќе повторам Битола со наследството што го има е единствена од таков вид. Затоа мора по секоја цена да се зачува ова исклучително богатство, но истото се повеќе да се рекламира за да им стане попристапно на граѓаните и во Европа.

М.Младеновски

Француската амбасадорка Лоранс Оер во посета на Битола

ОДБЕЛЕЖАН ДЕНОТ НА КУЛТУРАТА

Со повеќе настани Битола го одбележа Денот на културата. Главен акцент беше ставен на промоцијата на две книги: Инвентарната книга „101 објект од Старата битолска чаршија" и публикацијата „Стара битолска чаршија" од авторите Зоран Алтипармаков и Надежда Георгиева.

Проектот „Инвентаризација на Старата битолска чаршија", како и претходниот проект „Сигналитика на културното наследство во Битола", е финансиран од Националната асоцијација на градови на историја и уметност и градови во заштитни зони со поддршка на Министерството за култура и комуникации и Министерството за надворешни работи на Франција.

-Денот на културата традиционално го одбележуваме со различни форми. Оваа година решивме да го направиме тоа со презентација на петгодишен труд - Инвентаризација на 101 објект од Старата битолска чаршија. Со оваа екипа, односно асоцијацијата од Франција која се грижи за старите градски јадра, претходно го направивме проектот сигналитика, тоа се оние табли кои се поставени пред објекти и места кои што значат исклучително културно наследство на Битола. Се она што го имаме како голем потенцијал и големо културно-историско наследство нас не обврзува да бидеме внимателни. Со голема поддршка на Амбасадата на Република Франција, Заводот и музеј, нашата општина и сите стручни луѓе го реализираме и овој проект со кој обезбедуваме на некој начин, ако може така да се каже биографија на секој од објектите коишто се внесени во книгата. Ова е една шестина од се она што треба да се направи. Теркот го имаме, а стручните екипи работат на терен. Ова е научен пристап кон сето она што е вредност во Битола, изјави градоначалникот на Општината Битола, Владимир Талески.

На промотивниот настан свое обраќање имаше и амбасадорката на Република Франција во Република Македонија:

-Станува збор за значењето на еден проект кој што се надоврзува на сигналитика, во којшто со сета свесност за она што значи битолската чаршија, настапивме со идентификување на 101 објект за почеток, тие објекти се простудирани и се дел од овие публикации што ги имаме денеска со надеж дека правилно ќе бидат валоризирани и дека ќе следи нивна уште поправилна заштита, изјави амбасадорот на Република Франција Лоранс Оер.

Досегашната работа е само почеток на активностите кои во идниот период треба да бидат преземени со цел заштита на големото културно-историско богатство на Битола.

Многу е специфична работата во Битола, затоа што е многу тешко да се идентификуваат објекти во една чаршија којашто е една од најубавите и со сите свои специфики на Балканот. Разликата помеѓу скопската и битолската чаршија е тоа што во Битола се како двокатни куќите и дуќаните во Старата битолска чаршија, нешто што е реткост. Исто така, дуќаните се сочувани што не е случај во другите чаршии, а сега ние не само што го идентификуваме, го евалуираме на некој начин, а потоа размислуваме за тоа што како градбени елементи поседуваат и како во иднина истите да ги чуваме, изјави д-р Марилиз Ортиз - директор на Националната асоцијација на градови на историја и уметност и градови во заштитени зони.

Општината Битола е единствената општина од Република Македонија која е полноправна членка на Европската асоцијација на историски градови и региони. Ваквите големи интернационални награди и признанија се мотив повеќе за се поголема грижа на надлежните.

Не само кон деловите, објектите коишто се културно - историско наследство, туку и кон содржинските елементи што ги правиме во нашите манифестации, како што го споменавте на пример БИТФЕСТ. Сите тие делови се една целина од начинот на живеење на нашите граѓани и нашите гости. Во БИТФЕСТ има програми коишто се распоредени во дел од објектите или пред објектите на самото културно богатство. Тоа се простори кои ги експонираме и со нашата жива програма и со нашиот однос кон сето она што цениме дека е културна вредност, изјави Талески.

Настанот во Битола, беше затворен со „Изложба на постери од проектот" едукативни работилници „101 дете за 101 објект од Старата чаршија".